| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **ИНДУСТРИСКИ ОДНОСИ** | | | |
| 2. | **Код** | | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Постдипломски курс Деловно право – модул Б | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | Втора година, трет семестар | **7.** | **Број на ЕКТС кредити** | 6 (шест) |
| 8. | **Наставник** | **Проф.Д-р.Тодор Каламатиев** (раководител на предметната програма и предметен наставник)<br>**Доц.Д-р. Лазар Јовевски**<br>(предметен наставник)<br>**Доц.Д-р.Александар Ристовски**<br>(предметен наставник) | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | нема | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Изучувањето на предметната програма Индустриски односи на студентите ќе им овозможи:<br><br>- запознавање со поимот и научната дисциплина за индустриските односи<br>- утврдување на моделите на индустриски односи во развиените земји и типологијата на индустриските односи<br>- анализирање на индустриските односи и синдикалните движења во земјите од транзицијата<br>- запознавање со меѓународната димензија на индустриските односи со посебен осврт кон универзалните организации (МОТ) и регионалните организации (Европската Унија и Советот на Европа)<br>- утврдување на слободата на здружување и правото на организирање<br>- запознавање со индустриските актери (синдикатите и здруженијата на работодавачи), нивните права, обврски и функции<br>- дефинирање на суштината на синдикатот и синдикалното движење<br>- утврдувањето на појавата и развојот на колективното преговарање<br>- утврдување на колективните договори и нивното склучување, важност и престанок<br>- запознавање со колективните работни спорови и начините на решавање на колективните работни спорови | | | | |

| | |
|---|---|
| | - утврдување на правото на штрајк и останатите колективни индустриски акции<br>- запознавање со поимот социјален дијалог, со посебен осврт кон трипартитниот социјален дијалог<br>- запознавање со поимот партиципација на работниците во управувањето со друштвата<br>- утврдување на облиците во кои се остварува партиципацијата на работниците со посебен осврт кон советите на работниците<br>- утврдување на различни видови партиципација на работниците (партиципацијата на работниците поврзана со работниот процес – work related participation, партиципацијата на работниците во управата на друштвата - board - level participation, партиципацијата на работниците во Европските друштва - European – level representation, партиципацијата на работниците во функција на здравје и безбедност при работа - health and safety at work participation и финансиската партиципација на работниците - financial participation) |
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** |
| | Предметната програма „Индустриски односи” претставува интегрален опфат на повеќе различни содржини кои се насочени кон проучување на односите кои се воспоставуваат помеѓу индустриските актери, односно работниците и работодавачите. Хронолошки, индустриските односи започнуваат да се проучуваат во втората половина на XIX век во САД и Велика Британија во услови на зголемената радикализација на односите помеѓу работниците и работодавачите, интензивирање на радикалните штрајкови, зачестени отсуства на работниците причинети од повреди и несреќи при работа и зголемена флуктуација на работната сила. Основна цел на индустриските односи претставува пронаоѓањето на оптимален баланс во економските и социјалните интереси на работниците и работодавачите и социјален мир кој води кон зголемена продуктивност.<br>Како наставна дисциплина со посебен предмет на проучување, индустриските односи започнуваат да се развиваат во текот на првата четвртина на XX век во рамките на универзитетите во Висконсин и Принстон (САД) и Лондонската економска школа и Оксфорд (Велика Британија). Универзитетските програми за индустриски односи се проучуваат во состав на катедрите по право, економија и социологија. Тоа доведува до заклучокот дека индустриските односи како посебна дисциплина имаат мултидимензионален предмет и содржина опфаќајќи ги правните, економските, општествените, политичките, психолошките и организационите причини кои влијаат врз обликувањето на односите помеѓу работниците и работодавачите. Релацијата на индустриските односи со правните дисциплини, упатува кон тесна врска на оваа дисциплина со трудовото право (особено со колективното трудово право), правото на друштва и правото на индустриска сопственост.<br>Индустриските односи во современите индустриски демократии може да се анализираат од две различни димензии (поширока и потесна). Поширокaта димензија, која е карактеристична за англосаксонското право ги проучува индустриските односи во најширока смисла. Таа ги опфаќа индивидуалните и колективните работни односи кои не произлегуваат од формалните извори на правото, туку се создаваат во практиката како резултат на слободната волја на индустриските актери. Потесната димензија на индустриските односи е карактеристична за континенталното право. Таа се фокусира на колективните работни односи, кои доминантно се регулираат со императивни прописи, но посредно опфаќаат и диспозитивни правни прописи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Во функција на продлабочена илустрација на предметот и содржината на индустриските односи, ја наведуваме и поделбата на т.н „формални” и „неформални” индустриски односи. „Формалните” индустриски односи се регулираат со позитивно – правни и договорни норми. Тие се однесуваат на колективните работни односи и ги опфаќаат: колективното договарање, колективните договори, колективната индустриска акција (штрајк и локаут), решавањето на колективните работни спорови и партиципацијата, односно учеството на работниците во управувањето со друштвата. За разлика од нив, „неформалните” индустриски односи се создаваат низ практичното однесување на индустриските актери, односно синдикатите или советите на работници, работодавачите или здруженијата на работодавачи и владата. Тие ги проучуваат метаправните, односно вондоговорните елементи кои се воспоставуваат помеѓу субјектите а се однесуваат на меѓучовечките, социолошките и психолошките односи.<br>Во проектирањето на предметната програма Индустриски односи, применуваме интегрален пристап кој ги опфаќа и формалните и неформалните аспекти на оваа наставна дисциплина.<br>Конечно и покрај називот „индустриски односи” , оваа дисциплина ги опфаќа односите помеѓу работниците и работодавачите во сите стопански сектори (комерцијални и финансиски услуги, градежништво, трговија, производство и слично), како и во јавната, односно државната администрација. | | | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Реализацијата на наставата ќе опфаќа употреба на современа техника на предавања (интерактивни предавања, анализа на случаи, вежби и презентации, гости и посета на институции). | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 150 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 52,5+0+17,5+0+80 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | - Задолжителен завршен писмен тест или усмен испит по завршување на наставата. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | - Студентите на завршниот испит ќе можат да освојат максимум **70 поени.**<br>- Студентите не полагаат влезен колоквиум.<br><br>Во финалната оцена се засметуваат поените остварени од завршниот испит и поените остварени од научно-истражувачка работа и активност<br>Финалната оцена не може да надмине 100 поени |
| | 17.2 | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | - Студентите имаат можност да изработат научно-истражувачки труд преку кој можат да освојат **најмногу 20 поени**.<br>- Темата на научно-истражувачката работа се определува во взаемен договор помеѓу наставникот и студентот.<br>- Остварените поени од научно-истражувачката работа ќе бидат дел од финалната оцена. |
| | 17.3 | **Активност и учество** | | - Студентите имаат можност да остваруваат **најмногу 10 поени** од активност при што остварените поени ќе бидат дел од финалната оцена.<br>- Начинот на спроведување на активноста е во зависност од потребите на групата и наставната единица предвидена во Силабусот на предметот |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Согласно интерните акти на факултетот | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонскијазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |
| **22.** | **Литература** | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **22.1** | **Задолжителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | Bagič Dragan | Industriski odnosi u Hrvatskoj | TIM press | 2010 |
| | | **2.** | Davies A.C.L “, ,. | Perspectives on Labour law”, *Second edition* | *Cambridge university press* | *2009* |
| | | **3.** | | | | |
| | **22.2** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | Kaufman, Bruce E. | *The Global evolution of industrial relations – events, ideas and the IIRA* | *International Labour Office* | *Geneve, 2004* |
| | | **2.** | | | | |
| | | **3.** | | | | |